# Придонесот на Република Македонија кон глобалната безбедност, мир и стабилност

*Април 2010*



**Република Македонија е пример за огромнатата трансформациска моќ на нејзините стратегиски определби за достигнување членство во НАТО и Европската Унија.**

**Од нејзината независност (1991) до денес, Република Македонија успеа да прерасне во фактор на регионалната соработка и сериозен придонесувач не само кон регионалната туку и кон глобалната безбедност, мир и стабилност.**

**Цврсто посветена на напорите за европско и евроатлантско интегрирање, Република Македонија се стреми кон интегрирање на Регионот во целина и негов зајакнат придонес кон глобалната безбедност и светскиот мир.**

Република Македонија е една од првите земји во Регионот која се приклучи кон иницијативата Партнерство за мир (1995) и прва земја од Регионот која го потпиша Договорот за стабилизиција и асоцијација (2001). Постојаните одбранбени реформи овозможија достигнување на неопходните стандарди и капацитет за придонес кон мировните операции во светот. Достигнувањата во одбранбените реформи и во обликувањето на современата македонска армија даваат силен придонес кон севкупните интегративни напори на Република Македонија. Покрај исклучително успешните (10) МАП циклуси, како и по добивањето на кандидатскиот статус (2005) и позитивната препорака на Европската Комисија за почеток на датум на преговори со Унијата (2009), конкретниот придонес на Република Македонија кон мировните операции во светот е највидлива потврда дека Република Македонија успеа да прерасне во рамноправен и достоен партнер на НАТО и Европската Унија.

Наспроти сите предизвици од независноста до изградбата на мултиетничката функционална демократија, Република Македонија изгради современа Армија која придонесе набрзо од корисник да прераснеме во придонесувач кон глобалната безбедност. Првиот придонес на Република Македонија надвор од нејзините граници започна во 2002 година во рамките на НАТО предводената мисија ИСАФ во Авганистан. Република Македонија потоа го прошири својот придонес преку учество во мисијата Слобода за Ирак (од јуни 2003 до декември 2008), во воената операција на Европската Унија во БиХ Алтеа (од јули 2006) и во мисијата на Обединетите Нации УНИФИЛ во Либан (од мај 2007). Дополнително, Република Македонија обезбедува постојана поддршка на НАТО предводената мисија КФОР на Косово, преку функционирањето на Координативниот центар за поддршка од земја домаќин (национално воден од јули 2007).

## Слобода за Ирак

По завршувањето на главните борбени операции во Ирак, рушењето на режимот на Садам Хусеин и усвојувањето на Резолуцијата 1546 на Советот за Безбедност на Обединетите Нации, Република Македонија во јуни 2003 година донесе одлука за започнување придонес кон мисијата Слобода за Ирак. Иницијалниот придонес кој се состоеше од деклариран вод (околу 40) за специјална намена, во 2008 година беше дополнително зајакнат со уште еден вод (или вкупно околу 80). Република Македонија учествуваше во мисијата Слобода за Ирак од јуни 2003 до декември 2008 година, со вкупно 11 извршени ротации или вкупна бројка на 490 лица кои учествуваа во оваа мисија.

## Авганистан



Учеството во рамките на НАТО предводената мисија ИСАФ во Авганистан беше прв придонес на Република Македонија кон мирот и стабилноста надвор од нејзините граници. Придонесот кој започна во август 2002 со симболично испраќање на 2 офицери во рамките на турскиот контингент, постепено еволуираше во ротација на досега 1351 македонски мировници и во национален придонес кој денес е еден од најголемите (по глава на жител) во Авганистан. Во рамките на досегашниот придонес кон ИСАФ Република Македонија беше дел и од Здружениот медицински тим во А3 формат (Македонија, Албанија, Хрватска), кој од август 2005 до јули 2009 година успешно функционираше низ 8 ротации на аеродромот во Кабул. Република Македонија во мисијата ИСАФ во Авганистан денес има распоредено вкупно 242 војници – една чета која ја обезбедува Командата на ИСАФ во Кабул (150), штабни офицери во Командите на ИСАФ (2), штабни офицери во Оперативно менторските тимови за врска OMLT (5), Заеднички медицински хируршки тим (6) во рамките на Норвешкиот провинциски реконструкциски тим (PRT) во Мајмана.

Од 01 април 2010 година, Република Македонија дополнително го зголеми својот придонес во Авганистан со 79 војници (вод на воена полиција (32) за обука на Авганистанската национална полиција, ренџерски вод (32) за обука на Авганистанската национална амија, одделение за обезбедување на лица (8) и 7 штабни офицери во командата на 86. бригада на Вермонт, САД). Со ова зголемување во Авганистан од околу 50 проценти, Република Македонија ќе придонесува кон мировни мисии надвор од Република Македонија со вкупно 255 мировници, што навистина претставува сериозен и значителен придонес кој ќе изнесува 4% од копнените сили на Армијата на Република Македонија.

## УНИФИЛ Либан

Република Македонија од мај 2007 година го започна својот придонес и кон ефективниот мултилатерализам, преку учеството со еден штабен офицер во мисијата предводена од Организацијата на Обединетите Нации УНИФИЛ во Либан. Мисијата на македонскиот ОН мировник е со едногодишен мандат во рамките на Штабот на УНИФИЛ во Нагура и во тек е третата ротација.

# Алтеа




Придонесот на Република Македонија во Алтеа претставуваше прв придонес на земјата во рамките на воена операција предводена од Европската Унија. Придонесот кон ЕУ операцијата во БиХ Алтеа започна (од ноември 2006) со декларирање на хеликоптерски деташман составен од два хеликоптери Ми-8/17 (и персонал 21). По три ротации на хеликоптерскиот деташман и четвртата ротација (јануари –јули 2008) која се изврши со само еден транспортен хеликоптер Ми-8/17 (и персонал 12), во јули 2008 година заврши хеликоптерскиот придонес на Република Македонија кон ЕУ операцијата Алтеа. По огромната загуба на 11 македонски мировници во хеликоптерската несреќа на враќање од успешно завршената хеликоптерска мисија во Алтеа, придонесот (со вкупно 12 лица) на Република Македонија кон ЕУ операцијата Алтеа продолжува со ROLE 1 медицински тим (10 лица) на Кампот во Бутмир (од ноември 2006), правен советник (1) и подофицер за превентивна медицина (1) во Командата на ЕУФОР. Во ЕУ операцијата Алтеа досега учествувале 142 македонски мировници, симболизирајќи го на тој начин македонскиот придонес кон Европската безбедносна и одбранбена политика и кон регионалниот мир и стабилност.

# Поддршка на земја домаќин

Република Македонија обезбедува постојана логистичка поддршка на Алијансата односно на НАТО предводената операција на Косово (КФОР), преку самостојното функционирање (од јули 2007) на Координативниот центар за поддршка од земја домаќин (Host Nation Support Coordination Center/ HNSCC). Координативниот центар за поддршка од земја домаќин иницијално започна со работа во април 2005 како дел на НАТО седиштето во Скопје, проект која за прв пат беше имплементиран со земја членка на Партнерството за мир. Покрај постојаниот ангажман на HNSCC (вкупен персонал 13), Армијата на Република Македонија обезбедува и медицинска поддршка на персоналот на силите на КФОР, гориво како и ескортирање и заштита на НАТО силите за КФОР кои транзитираат низ територијата на Република Македонија. Координативниот центар за поддршка е вклучен во формацијата на Командата за логистичка поддршка при Генералштабот на Армијата на Република Македонија. Поради значењето на обезбедувањето логистичка поддршка на Алијансата за потребите на НАТО мисијата на Косово, фунцкионирањето на Координативниот центар за поддршка од земја домаќин, Република Македонија го смета за конкретен придонес во четврта мисија (покрај Авганистан, Алтеа и Либан) за поддршка на НАТО силите на Косово.

# Конкретен досегашен придонес, идни проекции и нивното значење

Придонесот на Република Македонија во меѓународните операции претставува конкретна потврда за успешноста на реформите во одбраната и за цврстите стратегиски определби на државата за членство во НАТО и Европската Унија. Република Македонија денес придонесува во три меѓународни операции во странство (НАТО, ЕУ и ОН предводените операции ИСАФ, Алтеа, УНИФИЛ Либан) и ја води четвртата операција за обезбедување постојана логистичка поддршка на НАТО силите КФОР во Косово преку функционирањето на Координативниот центар за поддршка од земја домаќин (HNSCC).

Денешниот вкупен глобален придонес на Република Македонија се 255-те мировници распоредени во операциите предводени од НАТО, Европската Унија и ОН. Вклучувајќи го и придонесот на земја домаќин, Република Македонија го достигна планираното ниво на придонес со околу 270 лица, што претставува достигнување на распореденост од 4% од копнените сили на Армијата на Република Македонија во мировни операции во светот.

Овој процент на придонес е сериозен и недостигнат дури и од голем број земји членки на НАТО и Европската Унија. Така само во Авганистан, споредувајќи по глава на жител Република Македонија придонесува повеќе од сите земји во Регионот и повеќе од многу земји членки на НАТО, а нејзиниот придонес е веднаш рамо до рамо со оној на ОК, САД, Норвешка, Холандија, Данска. Република Македонија е посветена и на натамошно јакнење на идниот придонес кон глобалната безбедност и мир, преку постепено зголемување на придонесот во меѓународните операции и на долг рок достигнување на распореденост од 10% од армиските сили. Финансиските импликации од придонесот на Република Македонија се навистина значителни и истите се предвидува да изнесуваат 11 милиони евра во 2010 година.

Она што причинува особена гордост е фактот што во текот на досегашниот севкупен придонес на Република Македонија кон операциите предводени од НАТО, ЕУ и ОН, припадниците на Армијата на Република Македонија покажаа и докажаа дека се достојни на довербата која им е доделена. Со својата пожртвуваност, професионализмот, дисциплината и посветеноста кон доделените задачи тие ја претставуваат својата татковина на најдостоен можен начин. Гордост за државата и нејзини амбасадори, нашите мировници се потврда дека Република Македонија го заслужува рамноправното членство кон кое се стреми.

Македонските мировници се докажан, ценет и посакуван партнер. Најдобра потврда за тоа се препознатливноста на македонското знаме и неговото поистоветување со мировници кои поседуваат највисоки стандарди. Дополнителна потврда се и највисоките одликувања кои нашите мировници редовно ги добиваат во сите досегашни придонеси (120 медали од Ирак, 1270 од Авганистан, 144 од придонесот во Алтеа), а за извонредни достигнувања се доделени и почесни медали на 4 македонски мировници за исклучителен придонес во мисијата Слобода за Ирак и на 6 македонски мировници за исклучителни заслуги во мисијата ИСАФ во Авганистан.

Со своите 18 години независност и 7 години придонес кон светскиот мир, Република Македонија низ досегашните ротации во меѓународните мисии продефилира со вкупно 1744 македонски мировници (што е една четвртина од нашата Армија), кои ги достигнаа највисоките стандарди и во татковината се вратија со огромно стекнато искуство.

Македонски мировници кои во 2002 година за прв пат на симболичен начин го одбележаа почетокот на нашиот придонес кон мировните операции во светот, развејувајќи го знамето на Република Македонија во Авганистан токму на денот на независноста 8 септември, продолжуваат да претставуваат наши амбасадори кои на најдобар можен начин ја афирмираат Република Македонија во изградбата на мирот и стабилноста во светот.

**Дипломатот и војникот, двете симболични фигури на меѓународните односи, работат заеднички. Во стремежот на достигнување на стратегиските приоритети на Република Македонија за членство во НАТО и Европската Унија, македонскиот мировник го дава својот најголем придонес.**













| | Држави кои придонесуваат во ИСАФ | Број на жители (мил) | Придонес во ИСАФ (трупи) | Учество % (x100) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | САД | 307,21 | 50590 | 1,647 |
| 2 | Обединето Кралство | 61,11 | 9500 | 1,554 |
| 3 | Данска | 5,50 | 750 | 1,364 |
| 4 | **Македонија** | **2,07** | **242** | **1,171** |
| 5 | Холандија | 16,72 | 1880 | 1,125 |
| 6 | Естонија | 1,30 | 145 | 1,116 |
| 7 | Норвешка | 4,66 | 470 | 1,008 |
| 8 | Канада | 33,49 | 2830 | 0,845 |
| 9 | Латвија | 2,23 | 170 | 0,762 |
| 10 | Австралија | 21,26 | 1550 | 0,729 |
| 11 | Албанија | 3,64 | 250 | 0,687 |
| 12 | Бугарија | 7,97 | 525 | 0,659 |
| 13 | Литванија | 3,56 | 220 | 0,619 |
| 14 | Хрватска | 4,49 | 270 | 0,601 |
| 15 | Франција | 64,42 | 3750 | 0,582 |
| 16 | Полска | 38,48 | 2140 | 0,556 |
| 17 | Италија | 58,13 | 3160 | 0,544 |
| 18 | Белгија | 10,41 | 560 | 0,538 |
| 19 | Германија | 82,33 | 4335 | 0,527 |
| 20 | Нов Зеланд | 4,21 | 220 | 0,522 |
| 21 | Шведска | 9,06 | 410 | 0,453 |
| 22 | Чешка Република | 10,21 | 455 | 0,446 |
| 23 | Романија | 22,22 | 970 | 0,437 |
| 24 | Словачка | 5,46 | 230 | 0,421 |
| 25 | Грузија | 4,62 | 175 | 0,379 |
| 26 | Словенија | 2,01 | 70 | 0,349 |
| 27 | Унгарија | 9,91 | 310 | 0,313 |
| 28 | Шпанија | 40,53 | 1075 | 0,265 |
| 29 | Турција | 76,81 | 1835 | 0,239 |
| 30 | Луксембург | 0,49 | 9 | 0,183 |
| 31 | Финска | 5,25 | 95 | 0,181 |
| 32 | Ерменија | 2,97 | 40 | 0,135 |
| 33 | Исланд | 0,31 | 4 | 0,130 |
| 34 | Азербејџан | 8,24 | 90 | 0,109 |
| 35 | Португалија | 10,71 | 110 | 0,103 |
| 36 | Сингапур | 4,66 | 40 | 0,086 |
| 37 | Црна Гора | 0,67 | 4 | 0,060 |
| 38 | ОАЕ | 4,80 | 25 | 0,052 |
| 39 | Босна и Херцеговина | 4,61 | 10 | 0,022 |
| 40 | Ирска | 4,20 | 7 | 0,017 |
| 41 | Грција | 10,74 | 15 | 0,014 |
| 42 | Јордан | 6,27 | 6 | 0,010 |
| 43 | Австрија | 8,21 | 3 | 0,004 |
| 44 | Украина | 45,70 | 8 | 0,002 |

* според НАТО web страната од 05 март 2010.